


RENOVA®

*Innovation & Performance*

# RENOFIX 90

## МАЛТЕР ЗА ТЕМЕЛНА ОБРАБОТКА И ФИЛЦУВАЊЕ ВНАТРЕШНИ ПОВРШИНИ

Придржувајте се до техничкото упатство

**ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА**

Се употребува како основен филц малтер за внатрешни ѕидови и плафони врз сите нормални подлоги како тула, шуплива тула, бетонски блокови како и рапав бетон. Не е наменет за употреба врз влажни површини.

**СОСТАВ**

- Гипс
- Вар
- Високо квалитетен кршен варовник
- Додатоци кои ги подобруваат карактеристиките на обработката
- Органски додатоци < 5%

**ОСОБИНИ**

- Голема издашност
- Регулирање на влажноста
- Одличен квалитет на обработка
- Добра машинска обработка

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата мора да биде сува, исчистена од прашина, отпадоци и маснотии (уље од оплата). Влагата мора да биде под 2,5% од масата (според CM мерењата). Испитувањето на подлогата се врши по EN стандардите. Упатствата за обработка одговараат за ѕидови кои се направени според одредени норми кои подразбираат да нема пукнатини. Доколку во подлогата постојат отворени фуги и пукнатини, истите претходно треба да се санираат (армираат) со Renofix 5 градежно лепило и мрежа за армирање. Мазните бетонски површини претходно треба да се премачкаат со бетон контакт.

**ПОДГОТОВКА НА МАЛТЕРОТ**

При рачна подготовка содржината на една вреќа RENOFIX 90 се истура во 9-10 литри чиста вода, се меша 2 минути со рачен миксер додека не се добие хомогена смеса без грутки. Машински се подготвува со машината за малтер Skure-Tech S4.

**ОБРАБОТКА И УСЛОВИ НА ОБРАБОТКА**




При рачно малтерисување материјалот се нанесува со глетарица. При машинско малтерисување материјалот се шприца со машина за малтер Skure-Tech S4, а потоа се израмнува со алуминиумски израмнувач. По стврднувањето, малтерот се гребе

N PUTZ

## ОБРАБОТКА И УСЛОВИ НА ОБРАБОТКА

или филцува. Минималната дебелина на слојот е 10мм, а кај плафоните 7мм. **Renofix 90** не е наменет за употреба како абриб на ѕид кој е малтерисан со гипсен малтер или цементен малтер. Слојот од **Renofix 90** треба да биде потполно сув доколку врз него треба да се нанесе слој од структурален малтер (абриб) или глет маса. Не смее да се употребува на температури пониски од $5^0$C. Не смее да се меша со други материјали.

## ВАЖНО!

За детални безбедносни упатства, консултирајте ги посебните безбедносни листови. Пред употреба, задолжително прочитајте го безбедносниот лист.

## ИСПОРАКА

**Renofix 90** се испорачува во книжни вреќи од 30кг заштитени од влага.

## СКЛАДИРАЊЕ

Да се чува на суво место (ако е можно на дрвени палети). Рок на траење: најмалку 6 месеци според Регулатива 1907/2006 / ЕУ, прилог XVII на 20°C, 65% р.в.в.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Број на производот | 5319990620149 |
| Шифра на производот | 1090 |
| Вреќи на палета | 36 |
| Един. количина | 30 kg / вреќа |
| Гранулација | 1,2 mm |
| Потребна количина на вода | 9-10 л./вреќа |
| Мин. дебел. на слојот | за ѕидови 10мм; за плафони 7мм |
| Потрошувачка на материјал | ca 13kg/m²/cm |
| Напомена | Вредностите на потрошувачката се апроксимативни и многу зависат од подлогата и техниката на вградувањето. |
| Густина на материјалот ако е сув (EN 1015-10) | ca 1350 kg/m3 |
| Топлинска спроводливост (EN 1745:2002) | ca 0,5 W/mK |
| Цврстина на притисок 28 дена (EN 1015-11) | ca 2,0 N/mm² |
| (EN 13729-1) | B3/T3/S1 |

Сите претходни податоци за материјалот престануваат да важат по издавањето на горенаведената листа. Овие податоци произлегуваат од резултатите на нашите испитувања. Од овие податоци не може да произлезе правна обврска. Производите на РЕНОВА, како и сите суровини кои се вклучени во нив, се предмет на континуирани тестови за да се обезбеди постојано и исто ниво на квалитет. Нашите технички советници Ви стојат на располагање во врска со примената, обработката како и презентацијата на производот. Нашите тековни информации можете да ги најдете на www.renova.com.mk како "PDF" документ или да ги побарате во продавниците.

РЕНОВА МАКЕДОНИЈА
Цепчиште / Тетово
Тел: +389 44 487 300
Факс: +389 44 487 200
info@renova.com.mk

РЕНОВА АЛБАНИЈА
Воре / Тирана
Тел: +355 48 301 909
Факс: +355 48 301 908
tirana@renova.com.mk

РЕНОВА КОСОВО
Гуреза / Урошевац
Тел: +381 290 310 222
Факс: +381 290 310 444
ferizaj@renova.com.mk

COMPANY CERTIFIED BY
EN ISO 9001
Certificate No: FM 503328